ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 904:711.42(381)“652“
УДК 903/904(497.715)“637/652“

Викторија СОКОЛОВСКА

**VARIA**

**Клучни зборови**: *Доберос, Демир Капија, Требениште, Пајонија, Агријанија, Дамастион, Пелагија, Сарноа, Дапарија, Керкине, Келенидин, Хармонија, Запарија.*

**Апстракт**: *Овој труд има за цел да ги потенцира моите аргументи за проблемите од античкото минато на Македонија со кои сум се бавела долг временски период - историскиот развој на Доберос и неговото место во антиката, проблемот на етничките носители на Требенишката некропола, Демир Капија како значаен стратешки пункт на Пајонија, територијата што ја населувале Агријаните во железно време и раната антика, лоцирање на Орбелос и Керкине, убикација на Дамастион, Пелагија, Сарноа и Дапарија, кога Дарданците се шират кон Скопскиот регион, дали треба да отпадне Милеровата промена на Појтингеровата карта?, местоположбата на Келенидин, Хармонија и Запара. Проблемите кои го сочинуваат трудот третирани се во приложената библиографија целосно, па на неа се повикувам само во глобала а да не навлегувам во поединости за кои постојат опширни објаснувања.*

## ΔΟΒΕΡΟΣ и неговото место во историјата на Пајонија и Македонија

Локалитетот Исар-Марвинци веќе одамна претставува предмет на истражувања и дискусии во археолошките кругови на земјата. Познат во македонската археологија од шеесетите години на минатиот век, истражуван парцијално, систематски во рамки на научен проект “Долината на Вардар во првиот милениум пр.н.е.” од 1976 до осумдесетите години на 20 век, за да, во 2009 биде интеннзивно истражуван со големи финансиски сретства кога се истражени големи површини од предримскаата и римската некропола. Резултатите од ова последно истражување не се објавени. Во приложената библиографија во овој труд направен е избор на позначајни трудови кои се однесуваат на тука третираните теми.

Пространата територија на јужниот дел од средниот Балкан, од Јужноморавскиот регион на север, опфаќајки го течението на Крива Река и Брегалница на исток, Косово Поле на запад, Повардарјето и течението на Струма на југ, од дамнешни времиња биле населени со племиња од пајонска етинчка припадност. Природните услови - плодна почва, богати рудни ревири и поволните комуникациски врски погодувале за постојан престој на популациите и основање на станишта чии траги се сочувани до денешни дни. Една таква микро регија е Валандовското Поле. Ограничено на север со Демир Каписката брана, на исток со последните огранки на Беласица, на запад со реката Вардар, на југ со пространото Гевгелиско Поле, јужно од кое е Догана, уште една природна препрека која Вардар ја совладува пред да ги истури своите води во Егејското Море. Валандовската регија и покрај мочурливата почва што се јавува како последица на разлевањето на Анска Река (Бојмица), и денес а и во минатото била густо населена. Денес, покрај Валандово, тука се Пирава, Јосифово, Брајковци, Балинци, Грчиште, Дедели и др. Откритијата што се до сега направени и забележани во Археолошката карта на Р. Македонија го осликуваат Валандовскиот регион во значителна мера, но, во исто време најавуваат откритија до кои секако ќе дојде во иднина. Неколку локалитети на кои се вршени археолошки истражувања навестуваат значителни и значајни откритија во иднина (Исар-Марвинци, Зелениште – Валандово, Стакина Чешма – Валандово, Глос - Грчиште, Грчиште, Дедели).

На југо-западната периферија од селото Марвинци се издига т. н. Исар од каде се пружа погледот кон Валандовското Поле, кон последните огранки на Беласица а на запад кон течението на Вардар. Од дамнешни времиња Исарот служел како мајдан од каде се вадени камени блокови кои мештаните ги вградувале во своите куќи. Еден таков епиграфски споменик соопштува дека




Пајонија и Македонија во Раната и Доцната Антика (В. Соколовска)

"граѓаните му подигнале споменик на P. Memius Regul.[1] Овој споменик, како и наредниот - дел од мермерен архитрав кој се наоѓал in situ на Исарот[2], беа доволни индикатори дека тука лежат остатоци од значаен антички град. Натамошните теренски активности – краткотрајни и систематски ископувања, особено тие изведувани во рамки на научниот проект "Долината на Вардар во I милениум пред н,е.", како и интензивните ископувања од 2009 г. го разоткрија градот во таа мера која овозможи да се создаде јасна слика за 1200 години интензивен живот на еден град на почвата на нашата земја. Овој уводен текст моравме да го приложиме за да се сфати и прифати идејата и целта на следниот напис.

Незначителни траги од керамички наоди откриени при ископувањата во подножје на акрополата навестуваат дека и во доцно бронзено време Исарот бил населен. Може би идни истражувања на локалитетот ќе го разјаснат овој проблем. Но во тоа воопшто не треба да се сомневаме. Затоа, за железното време располагаме со целосна слика и претстава.

Со почетоците од крајот на VIII век па веројатно до почетоците а VI век Исарот е интензивно населен. Во тој период настанал значителен миграционен покрет, едно движење кое резултира во масовно населување и нагла појава на експлоатација на рудните ревири на бакар проследена со производи со повеќестрана намена. Бројните наоди од истражената некропола Лисичин Дол обелоденија една популација чиј инвентивен дух завладеал во животот на поширок простор, кој подоцна ќе добие квалификација на етничко обележје. Истата појава се случува на Вардарски Рид, античката населба Гортинија. Извесни елементи присутни во огромниот арсенал на т.н. "македонско-пајонски бронзи" навестуваат идеи превземени, одн. присутни по традиција од Медитеранскиот културен југ, со посебен акцент на островот Крит.

Доберос доживува исклучителен расцут во материјална и духовна смисла, за да во исто време преку нив го ослика своето родовско општествено уредување пред појавата на општествено раслојување и појавата на аристократски сташеж кој ќе се манифестира во т. н. "Кнежевски погребувања".[3]

[1] Соколовска 1986, 131.

[2] Соколовска 1986, 100.

[3] Крстевски 2022, 25, Сл. 6, 31, Сл. 9.

Паралелно со културно-економските и општествени појави кои се одвиваат во Железно време во Доберос, во соседната Гортинија, лоцирана на Вардарски Рид во Гевгелија, се среќаваме со исти појави во духовна смисла најизразени со истражувањата на некрополите на локалитетот Милци и Сува Река – Парагон. Натамошната студија на појавите и особеностите на наодите во погребувањата, очекуваме да разјасни многу појави за кои сеуште немаме доволно јасна претстава. Како и да е, досегашните откритија обелоденија висока духовна и материјална култура и висока свест на популацијата што ги произвела и на посебен начин ги манифестирала своите идеи, духовни чувства кои се јавуваат како обележје на времето и настаните во кои и тие учествувале, но кои резултирале во манифестации само на нив својствени.

Веќе одамна во науката установена е чињеницата дека во текот на Железното време Повардарјето, Скопскиот регион, Брегалница и Струма се населени со пајонска популација. Знаеме за Дерони, Лајаи, Агријани, Параксиеи и др. Се работи за значителен простор каде се откриваат историодни манифестации и во материјална и во духовна смисла. Но, во исто време треба да се одбележи исклучителниот културно-уметнички развој во Доберос и Гортинија, значително понапреден од северните пајонско-агријанските ареали, појава која се објаснува со непосредната близина на хеленскиот југ и движењата низ егејско-медитеранскиот свет во тоа време, за разлика од северните пајонски простори (Скопско, Брегалничко) со сеуште конзервативни навики и идеи.

Од сеуште недоволно јасни причини згаснува културата на железното време. Оваа појава јасно се манифестира и во Доберос и соседната Гортинија. Доберос добива нов лик како последица на случувањата на македонската сцена. Ширењето на Македонците и освојувањето на приморските региони од страна на ова војствено племе ќе ја измени ситуацијата во регионот на Гевгелија и Валандово. Гортинија и Идомене, двете места кои припаѓале на Ботиаја, сега влегуваат во состав на Македонија. Но Доберос е сеуште во состав на Пајонија. Походот на тракискиот цар Ситалк кој се одиграл во 429 г. пр. н. е го потврдува овој факт. М. Тачева истакнува дека откривањето на стадион патоказот од Исар - Марвинци стави крај на долгите дискусии во науката за местоположбата на Доберос и покажа дека во времето на Ситалк границата помеѓу Македонија и Пајонија се наоѓала на реката Вардар.[4]

Но, за тоа време се врзува појавата на хеленски доселеници, појава која е јасно забележана во Доберос, но и во соседната Гортинија. Меѓутоа, исти манифестации во меѓувреме присутни се и на поширокиот пајонско-агријански простор. Се јавуваат појави присутни во населби кои попримуваат лик на градови. Се подигаат објекти дотогаш непознати на пајонскиот простор. Во Гортинија стоа, во Билазора и Градиште Бразда базени за вода, во Тетово (Пелагија ?) гробница или базен за вода) објекти во Кршевица, објекти во Перник и Пауталија, Импортот на хеленски производи, особено маркантната атичка керамика во стил на црвени фигури, надгробни споменици од атички тип, префинет накит и други појави, јасно покажаа дека се работи за физичко присуство на Хелени. Воочено е и до сега повеќе пати нагласено е дека се работи за масовно доселување на Хелени, појава која се јавува како последица на немирните времиња предизвикани од грчко-персиските војни и Пелопонеските војни што ја зафаќаат Елада. Доселување на Хелени на пајонски простор има и своја економска страна. Пајонија била богата со рудни ревири кои на Халените им биле потребни. Присуство на Хелени кое попримува вид на колонисти не траело кратко време. Населувајки се на веќе постоечките пајонски насеби, (Гортинија, Доберос, Стене, Сарноа, Пелагија, Даппарија, Хармонија) новодојдените им ставале свои имиња, занемарувајки ги нивните оригинални пајонски имиња.[5]

Овој расцут на целиот пајонско-агријански простор прекинат е во почетокот на III век, 280/79 г. пред н. е. со походот на Келтите кон Делфи. Овој добро познат историски настан внесува големи промени по линијата север-југ на средниот Балкан, одн. по моравско-вардарската магистрала. Овие промени се добро познати во историјата. Ние само ќе нагласиме дека продорот на Келтите внесува големо осиромашување, дури и депопулација на населението кое ќе потрае до времето на Филип V. Продорот на тракиските Меди по течението на Брегалница кој потоа ќе уследи, ја намалува моќта на Агријаните.[6]

Да се вратиме на Доберос и Гортинија. Времето на моќниот македонски крал Филип V претставува изразит расцут. Овој дел на пајонското Повардарје веќе се наоѓа во состав на Македонија и Валандовската регија добива квалификација на значајна област на која и е дадено право да кове

[4] Тачева 1990, 8.

[5] Соколовска 2022, 86.

[6] Соколовска 2024, 88 итн.

свои монети, право какво што добиле Ботиаја и Парореја.[7]

Римското освојување на Македонија без сомнение оставило значителни траги. Но набргу, Доберос се подига - во градот се изградени објекти од јавен карактер, се одава почит на заслужни граѓани, Добер дава свои војници – преторијанци кои служат во Рим, во Доберос се подига храм посветен на Херакле од страна на видни граѓани, од Доберос потекнува еден македонијарх, кој подоцна ќе го обнови срушениот храм.[8]

Но, во 268 г. Доберос доживува катастрофално уривање од страна на Готите, кога тие, напуштајки ја опсадата на Солун, се упатиле кон север и по патот го разрушиле Доберос.[9] Но тој страховит настан не ставил крај на животот во градот. Во заштитениот со бедеми дел од градот разрушените објекти се прилагодувани за живот. На просторот пред Херакловиот храм оформено е складиште на питоси вкопани во земја во кои се чувало жито. Целокупнит простор претворен е во скромно прибежпште за преживување. Но животот во градот продолжил до почетоците на V век. Оваа констатација ја потврдуваат значајни наслаги од амбалажна керамика која се датира во ова време. Фрагменти од ранохристијански лампи, од северноафриканско потекло, датирани во почеток на V век се доволен доказ дека во градот имало живот во ова време.[10]

Но, во ова време интензивно се развива градот лоциран под денешното Валандово. Неговата местоположба, лоциран на благата падина на Исарот, се покажала како погодна за изградба на објекти кои ќе одговараат на времето – раскошни градби, меѓу кои морало да се најдат ранохристијански базилики како седиште на Доберската област.

И како заклучок од изложеното ќе нагласиме дека Доберос, настанал и се развил како последица на поволни услови во населба со карактеристични општествено-културни манифестации кои изнесоа на видело културно-духовни вредности на едно родовско општество, со длабоки духовни обележја кое сеуште не се доволно објаснети.

Доберос прифатил бројно население од хеленскиот југ, претежно од Атика, менувајки го начинот на живеење во насока на појави со т. н. хеленски манифестации - прифаќање на хеленски култови и начин на сохранување. Пострадан од продорот на Келтите во 280/79 г., но сега во состав на македонското кралство, во хеленистичко време достигнал врвен општествен и културен развој во регионот. Како таков добил право од Филип V Доберос, сега како област, да кове монети какво право добиле соседните области Ботиаја и Паравија. Затоа Страбон вели дека, "кога се тргне нагоре по Стримон и се мине кланецот, лево е Пајонија и областа на Добер. Доберос доживува катастрофален земјотрес по 79 г., но и натаму успеал да го задржи своето водечко место во регионот. Податокот за неговата комуникација со римската администрација од која се барала дозвола за увоз на жито од Либија, зборува за водечкото место во регионот. Доберос дал бројни преторијанци во елитната римска војска. Тоа е време на Северите кога Доберос достигнал врв во својот развој, кога негов граѓанин учествувал во македонскиот коинон. Но, упадот на Готите, кои, откако ја опљачкале Атина и ја напуштиле опсадата на Солун се упатиле кон север по Вардарската магистрала, по патот го разориле Доберос до такви размери што овој настан нашол место да биде забележан во историските извори.[11] Оваа катастрофа што градот ја доживеал осликана е јасно на теренот. Градот пострадал до таа мера што никогаш не можел да го поврати својот статус и сјај. Но, населението успеало да се одржи значително долго време и својата егзистенција да ја стави на ниво на скромни услови, во прилагодени за живот разурнати објекти. На ова ниво градот го дочекал почетокот на V век, временски термин потврден со наоди на африканска керамика и керамички лампи со христијанска симболика од ова време. Статусот на Доберос и неговата водечка улога во регионот која траела непрекинато околу 1500 години направил да и во доцната антика и ранохристијанскиот период областа на Валанвово биде позната како област на Добер. Геронтиј од Доберос учествувал на собирот во Сердика во 349 г., Лукијан во Ефес во 431 г., Еусебиј во Ефес во 449, сите од Доберос од Прва Македонија.[12] И, како куриозитет треба да нагласиме и повториме дека и во овие услови, кога градот бил до темели разрушен, Доберос одржувал контакти со северноафричките земјин од каде пристигале производи датирани во почетоците на V век. Од наведените факти произлегува заклучок дека во текот на антиката, на потегот од Стоби до Тесалоника Доберос бил најзначаен град со најголема социјална, економска и културна улога. [13]

[7] Соколовска 2017, 63.

[8] Види, Соколовска 2015, 63 и н.

[9] Zosim, I, 43. Види, Соколовска 1986, 180.

[10] Последни монети до сега откриени на локалитетот се а Теодосиј II (402-4500). За ранохристијанските наоди, види, Соколовска 1986, 124, Табла Т, 87, Сл. 11 и 12.

[11] Види заб. 9.

[12] Види Соколовска 2017, 70.

[13] Соколовска 2017, 55 и н.

Како несекидневна појава, би требало да потсетиме и нагласиме дека на Исар – Марвинци е откриен епиграфски споменик кој соопштува дека Марк Тетиј Руф, стратег.... изградил храм посветен на Херакле и негова статуа во 79 г. Значително подоцна, во 181 г. храмот е обновен од еден македонијарх, што значи дека храмот бил во меѓувреме срушен и сега обновен. Тој настан е секако последица на јак земјотрес, какви се случуваат во Валандово на секои 1000 години. Во рушевините околу храмот најдени се два дела од машка нога за кои е кажано многу одамна дека припаѓале на Хераклова статуа. Неодамна, на истиот простор околу храмот откриена е машка глава која без сомнение припаѓала на Херакле. Нејното уништено лице е без сомнение резултат на уривањето на градот Доберос од страна на Готите.[14]

### Демир Капија, античката Στεναι

Демир Капија, мој омилен истражувачки пункт, полн со неизвесности и изненадувања. Сместена на самиот влез на реката Вардар во клисурата формирана од моќни карпи, на височинка од која се пружа поглед кон околниот простор. Во раната антика Демир Капија пружила гостопримство на бројно население од далечната Атина кое му го дале името Στεναι.

Првите случајни откритија на бројна атичка керамика во стил на црвени фигури на црна основа навестија дека пред нас стои значаен локалитет со долга историска заднина.[15] Натамошните истражувања на околниот простор изнесоа на видело населба која со тек на времето одиграла значајна улога во историјата на Пајонија. Демир Капија со околниот простор во подолг временски период истражувана е парцијално. Скромните архитектонски траги покажаа скромно живеење, адекватно на Градиште Неготино, Исар Марвинци и Вардарски Рид. Но содржината на археолошкиот материјал обелодени висок степен на културното ниво на населението. При тоа се покажа јасно влијанието на хеленското население дојдено тука кон крајот на V век пр. н.е. и неговото влијание во процесот на хеленизацијата на населбата – начин на живеење, прифаќање на култови, сохранување, значи повисок степен на живеење. Местоположбата на Демир Капија со сите свои особености имала улога на седиште на пајонските басилеи потврдено со моќни утврдувања. Не е случајно што тука е најдена монета на Теутаос, чие владеење ги опфаќа последните децении на V век пр. н. е.[16]

Моите лични теренски и кабинетски истражувања мислам дека дадоа една заокружена целина на локалитетот осликувајки го долгиот период од раната антика до времето на римското владеење на овој простор.

### Етничките носители на Требенишката некропола

Еден од значајните проблеми на кои имам посветено големо внимание е проблемот на етничките носители на Требенишката некропола. Ова мошне деликатно прашање, би можело да се каже не било особено третирано во археолошката наука, макар што претставувало особен интерес кај истражувачите. Не навлегувајки подетално во обидите за одговор на ова прашање, за што веќе се имам изјаснето во повеќе наврати, ќе ги наведам моите предлози и аргументи на кои се потпирам во една сажета и јасна форма.[17]

Богатите требенишки гробови на кои како главно обележје се јавуваат златни маски и други златни детали со кои е облагано телото на покојниците припаѓаат на висок сталеж од пајонската аристократија. Иста констатација се однесува и на носителите на погребувањата во Синдос, како и на тие во Архонтикон. Значи Требениште, Синдос и Архнтикон ги врзуваат исти обичаи што треба да се протолкува дека припаѓаат на иста популација. Ова обележје е манифестација на еден народ, една нација, која во еден момент на благосостојба се определила својата почит кон предците да ја манифестира на овој начин. појава која покажува дека таа популација поминала подолг период во мир, во благосостојба, без војни и уривања, за кое време се создале услови да се стекне такво богатство, сега приложено во погребувањата. Овој момент треба секогаш да се има предвид. Овие наведени факти зборуваат за етничка поврзаност на популацијата на трите некрополи. Општо е познато дека на овие простори во архајскиот период Пајонците се јавуваат како најјака и најстабилна популација. Така вели Хамонд, а и Питер Делев

[14] Уривањето на градот на Исар- Марвинци од страна на Готите така видливо осликао на теренот треба да се сфати како уште еден доказ за местоположбата на Доберос на Исар-Марвинци.

[15] Види Соколовска 2013, АНТИЧКА ДЕМИР КАПИЈА, каде е даден преглед на сите откритија и истражувања во Демир Капија.

[16] Микулчиќ, Лилчиќ, Јосифовски. Види и Соколовска

[17] Моите размислувања за Требениште и проблемите кои стојат со него преточени се во посебна публикација. Види Соколовска 1997. За етничката припадност на т.н. кнежевски погребувања во Требениште, Синдос и Архонтико, види стр. 84 итн.

така се изјаснил. И Херодот вели дека Ематија била населена со Пајонци. Но, сега избива прашање дали во охридскиот регион во архајскиот период живееле Пајонци?

По се изгледа, ослонувајки се на археолошката граѓа, во прв ред мат сликаната керамика и бронзените прилози откривани во погребувањата, припаѓаат на Бригите. Тоа прашање во Вергина не е третирано. Се знае дека Бригите се преселиле во Мала Азија каде 800 г. го основале Гордион. Но исто така се знае дека Бриги се сочувале на Балканот во помали групи. Тракиски Бриги го нападнале Мардониј 490 г. Се знае за Кидраи дека е бригиски град, за кој се претпоставува дека се наоѓал во битолско-ресенскиот крај. И тумулот во Висои е веројатно бригиски. Па, според моите размислувања, по одењето на Бригите во охридскиот регион навлегуваат Пајонците, што за нивно присуство тука сведочат бронзение наоди од така наречените македонско-пеонски бронзи тука откривани. Тоа е време на VII и VI век кога Пајонците се економски издигнати, што подоцна ке се покаже со нивните богати погребувања во Требениште. Но, во меѓувреме, ситуацијата во овој простор на граница со илирското залеѓе, станува предмет на нови населувања кога тој ќе важи како дасаретски. Тоа ке трае до времето на Филип II, кога овој македонски владетел ке достигне до Охридското езеро во 358 г., пред да ги продолжи освојувањата кон исток и ги прошири границите на Македонија до Филипи.

На Македонците не можеме да им ги припишеме требенишките погребувања. Тие тоа би го практикувале подоцна кога располагале со знатни ресурси на племенити метали. На посеверните пајонски простори не се најдени гробови од типот на Требениште, Синдос и Архонтикон. Единствено сродно погребување констатирано е во Корешница, на Криволак. Остатоците откриени подоцна од страна на наши археолози навестуваат значајно погребување. Ние не знаеме што е се откриено. Кажано е само дека кратерот тука откриен, чија трага се губи, ги надминува сите до сега откриени садови од овој вид.[18]

Останува отворено прашањето за врските на Египет и Крит со Ботиаја, како и скулптурата на пајонската кралица Бесантис и нејното дете црнче што ја изработил Деиноменес, ученик на скулптурот Поликлет.

**Агријанија, Убикација на Дамастион, Сарноа, Пелагија и Дапарија**

Пространата територија која се пружа на исток од Перник, кон запад, вклучувајки го течението на Крива Река, Јужноморавскиот регион, Скопско-кумановската област, Тетовските Полози и Косово на запад биле населени со пајонското племе Агријани. Нивната територија, потврдена со античките историски извори, а на теренот преку бројни особености за нив својствени се покажа како значаен фактор за да се согледа содржината на целокупниот простор.[19] На прво место се успостави дека на просторот на Агријаните циркулирале дамастионски монети во текот на IV век пр. н. е. со најголема концентрација на Косово. Се покажа, исто така, дека на овој простор се наоѓале градовите Пелагија, Сарноа и Дапарија, градови кои ковале монети во ковницата на Дамастион. Овие први информации ме уверија дека Дамастион морал да биде лесно достапен на спомнатите градови, одн. дека се наоѓал во нивна близина. Тие градови без сомнение се издвојувале од другите населени места широм Агријанија. Така, имајки ги предвид досегапните откритија на населби каде е потврден повисок степен на хеленизација - присуство на население од хеленскиот југ, бројни градби созидани според хеленски узори во висока техника, бројна атичка керамика што населените атичани ја донеле со себе за лична употреба, дури и присуство на атички надгробни споменици, предложивме дека Пелагија се наоѓала во Тетово, Сарноа на Градиште Бразда кај Скопје, Дапарија на Кале Кршевица кај Врање. Знаеме дури дека агријански владетели Никарх и Симон ги ковале своите монети во ковницата на Дамастион. Овие безспорни факти наведоа на помисла дека Дамастион морал да се наоѓа во близина, одн. бил приступачен да се користат неговите услуги.

Како што е познато за Дамастион знаеме од информациите сочувани кај Страбон, (Str. VII, 7, 8; VIII, 6, 16) од каде дознаваме дека "протеранoто население од Егина (разрушена од атињаните) воедно со Мендејците (исто така протерани од атињаните), во 423 г. го основале градот Дамастион во близина на сребрените рудници во Илирија." Овоа информација моравме да ја нагласиме затоа што таа претставува камен темелник за разрешување на проблемот поврзан со убикацијата на овој фамозен град по кој се трага цело столетие.[20]

[18] Овој труд има за цел да го сврти вниманието за проблемот на етничките носители на требенишката некропола. Опширно кај Соколовска 1987.

[19] Материјална култура Агријан, Соколовска 2024, 81-91.а. Исто, Соколовска 2024, 81-92.ч

[20] Соколовска 1990; Strabon VII, 7, 8; VIII, 6, 16.

Имајки ги предвид сите расположиви информации, следеше заклучок дека Дамастион треба да се бара во најблиска можна дистанца, во регион богат со рудни ревири кои овозможиле да се развие експлоатација на сировини и развие монетоковање кое ќе трае цело столение. Нашето внимание веднаш беше свртено кон Копаоник и современиот град Сочаница, северно од Косовска Митровица, каде се, своевремено, најдени три епиграфски споменици објавени одамна од Артур Еванс и Емил Чершков кои содржат кратенка MUN. D. D., протолкувана како Municipium Dardanorum[21]. Ваквото толкување нема логична смисла. Од моја гледна точка оваа кратенка означува: Municipium Damastion Dardanorum. Што се однесува до податокот кај Страбон кој наведува дека Дамастион е основан во Илирија, за овој проблем веќе се имам изјаснето дека Копаоник, или делот каде се наоѓал Дамастион се наоѓал на територија на илирските Автаријати. Всушност, мислам дека во регионот на Косовска Митровица се наоѓа тромеѓа помеѓу Автаријатите, Трибалите и Агријаните.

И во оваа прилика треба да скренам внимание на картата на германскиот картограф Мартин Валдземилер од 1513 г. која се чува на остров Хвар. Картата е објавена од Г. Шкриваниќ. На неа се означени топоними современи со картата - Ново Брдо, Нови Пазар, Солун, Скопје, Охрид. Од посебен интерес е топонимот DIMOSTI, наведен како непознато место. Д. Ујес скренува внимание на неговото можно значење како Дамастион. К. Ромиќ, коавторот на трудот, објаснувајки ги особеностите на среброто од кое се исковани дамастионските монети се определува за Копаоник како извор на металот, одн. среброто.[22]

### Дарданците во предримско доба

Еден од моите заклучоци на кој не му е посветено внимание, а кој всушност има значајно место во историјата на Агријанија, особено на регионот на Скопје е проблемот на времето на ширењето на Дарданците. Ослонувајки се на археолошките откртија изведувани на просторот во Метохија и коментарите во истражените локалитети дека културата Чинамак припага на постарата фаза на Метохија. Следеше заклучок без резерва дека Дарданците се шират кон Скопскиот регион дури по смртта на Александар Маекдонски.[23]

### Појтингерова карта на делницата Stobi - Pautalia

Веќе одамна кога се зборува за патните станици помеѓу Стоби и Пауталија наведени на Појтингеровата карта на римските патишта секогаш се смета на промената која Милер ја направил. И јас од моја страна веќе одамна имам дојдено до сознание дека редоследот што Табула го дава е точен, па според тоа, првата станица 30 миљи по Стоби е Транупара, (Карбинци) потоа следи на 20 миљи Астибо (некаде во близина на Истибања), од каде на 50 миљи е Пауталија, денес Ќустендил. Со ова би требало да се стави крај на ова прашање. За овој проблем се повикувам на моите коментари во приложената библиографија и на мислењето искажано од Марјан Јованов кој за прв пат се посомневал во исправноста на Милеровата промена.[24]

### Kerkine и Orbelos

Во нашата стручна литература одамна не е направен коментар околу прашањата поврзани за местоположбата на топонимите Керкине и Орбелос. Од моја гледна точка мислам дека тие се значајни географски точки поврзани со античкото минато на нашата земја и нивно точно, односно прецизно лоцирање е важно за проучувањето на нашата земја во антиката. Во оваа прилика само ќе го повторам моето веќе одамна искажано мислење дека планината Орбел, каде Касандар во 310 г. дозволил да се населат 20000 Автаријати треба да се идентификува со Пирин планина, Боздаг и Змијница. Со овој гест Касандар му помогнал на Авдолеон да се ослободи од притисокот што ова илирско племе му вршел на пајонскиот крал.

Што се однесува до Керкине, планина спомната само еднаш во историските извори во врска со Ситалковиот поход на Македонија во 429 г. пр.н.е., спротивно на други мислења изнесени во науката, со аргументи се определив за Беласица. За моите аргументи за ова мислење веќе се имам изјаснето во моите одамна објавени трудови. Во оваа прилика само ќе нагласам дека Беласица била граница помеѓу Macedonia Prima и Macedonia Secunda. Со оваа позиција на Керкине наполно се сложува местоположбата на Доберос, како град во Прва Мекедонија (на Исар Марвинци), јужно од Беласица.[25] Истото се однесува за локацијата на Келенидин, посведочен како црковен центар во

[21] Cerskov 1970, 75 и н.

[22] Ујес, Ромиц 1996, 93.

[23] Соколовска 2005, 133 и н.

[24] Јованов 2008, 552 и 553.

[25] За овој проблем опширно кај Соколовска 2005 а, 13-22.

Macedonia Secunda, кај местото Клуч северно од Беласица.[26]

**Келенидин, Хармзанонија и Запара и нивна местоположба**

Ни преостанува да се допреме до проблемот за местоположбата на Келенидин, Хармонија и Запара, црковни центри, како такви забележани во Хиерокловиот Синегдемос. Со проблемот за местоположбата на овие центри кои играле значајна улога во прифаќањето и ширењето на христијанството во Македонија се имам позабавено во неколку мои понови трудови. Со оглед на тоа што немам сретнато реакција на овие мои предлози, само накусо би сакала во оваа пригода да ги повторам и нагласам моите аргументи околу овој проблем.

Сите наведени црковни седишта за кои знаеме дека се наоѓале на територијата на Македонија се наоѓале на определени позиции во региони познати по традиција како важни градови со долга историска заднина. Такви се Стоби, Хераклеја, Лихнид, Скупи. Нивната улога во антиката е добро позната. Кон нив се приклучува Баргала чија локација во брегалничкиот регион (кај Карбинци) е установена преку археолошки истражувања на местата каде се откриени бројни потврди за изгледот и улогата на овој црковен центар.

За местоположбата на Хармонија а особено за Запара искажани се разни мислења и обиди за нивно лоцирање. И јас, поведена од величината на Виничко Кале, наодот на бројните керамички релјефи откриени на Калето, од впечатоците произлезени како резултат на подолг престој за време ископувањата водени од Цоне Крстевски, се впуштив во размислувања и обид да барам одговор на прашањето за кој град во антиката се работи на Виничко Кале. Неговата долга историја согледана преку археолошките наоди кои излегуваа со ископувањата од најдлабоките културни слоеви. веќе одеа кон насока дека Виничко Кале било населено од дамнешни времиња, дека тука боравеле населени Хелени, кои, покрај останатото, му дале име на градот Хармонија. Ова чудесно име, од давни времиња сочувано до доцната антика, морало да послужи како црковен центар на исток во Брегалничкиот регион.[27] Помислуваме дека тука се исковани монетите на Дероните и Лајаите, најстарото монетоковање во заднината на Егеја.

Што се однесува до Запара проблемот на нејното лоцирање се наметна како последица од лоцирањето на Хармонија. Сите аргументи со кои располагавме по сестрано размислување - теренска опсервација на околниот простор, археолошка подлога, логиката во расудувањата и одговор на поставеното прашање ме уверија дека остатоците од црковниот центар на Запара лежат на Големо Градиште – Коњух, локалитет сместен на пространтерен во центарот на рудоносна област, на патот кој водел кон Пауталија и Сердика, недалеку од Јустиниана Прима со која Запара одржувала значајни контакти. Да се потсетиме на информацијат за епископ Сабинианус кој не присуствувал на екуменскиот собор одржан во Константинопол 553 г. заради солидарност кон својот архиепископ Бененат од Јустинијана Прима. Двата епископа на собирот ги застапувал епископ Фока од Стоби. И, како археолошка потврда се јавува откривање на пет базилики на локалитетот што зборува дека тука, на Големо Градиште - Коњух се одвивала жива активност во ранохристијанскиот период. И во овој момент треба да нагласиме дека регионот на Крива Река, денес познат како Славиште, е област богата со рудни лежишта. Во ова време, V и VI век, просторот на Крива Река веќе одамна се наоѓа под тракиско влијание, како и течението на Брегалница.[28]

На крајот да го споменеме мојот интерес за материјалната и духовната куштура на племињата и народите кои ја населувале Македонија во антиката.

Присуството на сивата керамика со грчки форми на поедини населби - Градиште Студеничани, Градиште – Кнежје – Билазора, Градиште Неготино, Кале Отовица, како потврда за физичко присуство на Хелени - атичани на пајонска територија, нагласено е во посебен труд.[29]

Мојот интерес за хеленските култови присутни на пајонска територија, како одраз на хеленизацијата на овие простори – Малоазиската богиња Кибела, Дионис и неговиот круг, браќата близнаци, Кастор и Полукс – Диоскурите и други, претходно објавувани поединечно во посебни студии, а потоа собрани во моето капитално дело – Античка Скулптура во СР Македонија, моја докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Белград, од која делови се внесени во првата книга на CORPUS SIGNORUM IMPERII ROMANI, North Macedonia, Volumen I, Sculpture in the round, Скопје MMXXII.[30]

[26] Соколовска 2005, 17.

[27] Крстевски, Соколовска 2011, 245-254.

[28] Соколовска 2022, 201-210.

[29] Соколовска 1992, 141-144; Георгиев 2017, 125.

[30] NO. 1, 3, 6, 7, 9, 11, 12, 14, 35, 43, 44, 47, 48, 49, 54, 55, 61, 65, 72, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 85, 88, 89, 90, 91, 102, 105, 107, 113.

## ОСНОВНА БИБЛИОГРАФИЈА


Крстевски, Соколовска, 2011 - Крстевски Ц., Соколовска В., Виничко Кале во раната антика, Maced. Acta 20, 2011, 245-253.

Крстевски 2022 - Крстевски Ц., Доберос, Античкиот град на Исар-Марвинци, Скопје 2022.

Јованов 2008, Јованов М., Нови согледувања за античкиот пат Стоби – Пауталија, Археолошките откритија на почвата на Македонија, Книга 18, 2008, 552-559.

Snively. 2011a - Snively C., Archaeological excavations on the acropolis of Golemo Gradiste, Konjuh, MacedActa 20, 33-35.

Snively 2011b - Snively C., The New Basilica at Golemo Gradi[te Konjuh; a Late antique Church in the Province of Dardania, Nis and Byzantium 9 (2011), 187-201.

Snively 2013, C. S., Golemo Gradiste at Konjuh, An unidentified Late Antique city and its churches, Acta XV Congresses Internationalis arch cologiae Christianae, Toleti, 8012.9.2008 Episcopus civitas territorium Vatican City, Studi di Antichita Cristiana 65 (2013) 403-414.

Соколовска 1986 - Соколовска В., Исар – Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986.

Соколовска 1990 - Соколовска В., Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, MacedActa 11, Скопје 1990, 9-34.

Соколовска 1997 – Соколовска В., Етничките носители на Требенишката некропола, Скопје Охрид 1997.

Соколовска 2005а – Соколовска В., Дали Прасијада е Бутковско езеро и Дисорос Круша Планина, Коментари за некои прашања од античкото минато на Македонија, Скопје 2005, 13-22.

Соколовска 2011, Соколовска В., Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово, Porta archaeologica http:// com.

Sokolovska, The Ancient Town at Isar-Marvinci, Valandovo, http//kalamus.com.

Соколовска В., Античка Демир Капија, Каламус http://

Соколовска 2005 б, - Соколовска В. Уште еднаш за убикацијата на Дамастион, Коментари за некои прашања од античкото минато на Македонија, Скопје 2005, 69-81.

Соколовска 2005 - Соколовска В., Дарданците во предримско време, Зборник, Археологија 2, Музеј на Македонија, Скопје 2005, 133-147.

Sokolovska 2015 - Sokolovska V., When was the Roman Temple on Isar – Marvinci Built?, Folia Archaeologica Balkanica III, Skopje 2015, 63-69.

Соколовска 2017, Соколовска В., Етапи во историскиот развој на градот Доберос, Патримониум 15, Скопје, 2017, 55- 72.

Соколовска 2018, Соколовска В., Материјална култура Агријана, Патримониум.МК 16, Скопје 2018, 79-102.

Соколовска 2020 – Обид за идентификување на Кале Виница со античка Хармонија, Monumenta 5, Скопје 2020, 295-608

Соколовска 2022, Соколовска В., Прилози за историјата на Пајонија и Агријанија, Патримониум.МК 20, Скопје 2022, 81-96.

Соколовска 2022 2023 - Соколовска В., За местоположбата на Хармонија и Запара, Монумента 6 – 8, 2022/2023, Скопје 201-210.

Соколовска 2024, Соколовска В., Пајонија и Агријанија, Патримониум.МК 22, Скопје 2024, 81-92.

Тачева 1990 - Тачева М. Походот на тракискија цар Ситалк през 429 г. пр. н.е., Военo-исторически Сборник 6, Софија 1990, 3-13.

Ујес, Ромиќ 1996 - Ујес Д., Ромиќ К., Положај града Дамастиона, Гласник 11, Српског археолошког друштва, Београд 1996, 77-98.

Cerskov 1970 - E. Cerskov, Municipium D kod Socanice, Beograde – Pristina 1970.

Шкриваниќ 1972 - Г. Шкриваниќ, Martin Waldeseeemu [err Tabula modern Bossinae, Serviae, Greciae et Sclavoniae, Историјски часопис, Историски Институт, Књ. XIX, Београд 1972, 55-65.

Viktorija SOKOLOVSKA

# VARIA

*Summary*

After studying all available documents the author concludes that Doberos, located on Isar – Marvinci was the main town between Stobi and Thesalonika, that Demir Kapija, ancient Stenae had great strategic role in Paeonia during early antiquity, that cemeteries at Trebeniste, Sindos and Arhonticon belong to paeonian nation. After definition the territory of Agrianes, having in mind all archaeological data, the author concludes that Damastion should be located at Socanica, near Kosovska Mitrovica, in the region of Kopaonik, there were found epigraphic inscriptions which mentions Mun. D. D., Municipium Damastion Dardanorum as author concludes. As result of that towns Pelagia should be located at Tetovo, Sarnoa on Gradiste Brazda, Daparria on Kale Krsevica, towns which coined their coins in Damastion mint. Author concludes that the Mount Orbelos should be identified with Pirin, Bozdag and Zmijnica, and Belasica with mount Kerkine, which was the border between Macedonia Prima and Macedonia Secunda. Location of Harmonia od Kale – Vinica and Zappara on Golemo Gradiste Konjuh are based on historic data and all available observation of the sites. At the end it should be mentioned that Peutingerian map, the portion between Stobi and Pautalia is correct, so Mullers correction should be neglected.